( Образец ПП……)

**До:** СИТЕ СУДОВИ ВО РСМ
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: ВО КОЛКУ ОДЛУКИ СЕ ПРИМЕНЕТИ РАТИФИКУВАНИТЕ КОНВЕНЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ТРУДОТ (ОБЈАВЕНИ НА МТС) И ДОКОЛКУ ИМА ДОСТАВЕТЕ ОДЛУКИ (НЕОГРАНИЧЕНО СО ПЕРИОД)
(опис на информацијата која се бара)
ОВА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА АСЈО

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис (заокружено)
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил (заокружено)
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** 25.10, _____ **2024 година .**

[redacted]
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РО-172/12

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!

ОСНОВНИОТ СУД ВО ПРИЛЕП како граѓански првостепен суд, во совет, од судијата [redacted] како председател на совет и судиите поротници [redacted] и [redacted] како членови на советот, одлучувајќи по тужбата на тужителот [redacted] поднесена против тужениот [redacted] за поништување на решение за престанок на работен однос, со вредност на спорот 40.000,00ден., по одржаната усна, јавна и главна расправа на ден 27.11.2012год. во присуство на тужителот со неговите полномошници адвокат [redacted] и адвокат [redacted] и законскиот застапник на тужениот [redacted] со полномошникот адвокат [redacted], ја донесе следната:

ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА
________ суд во ________
Ден 19. 02. 2013 година
Судски службеник

П Р Е С У Д А

СЕ УСВОЈУВА тужбеното барање на тужителот [redacted] од [redacted]

СЕ ПОНИШТУВА одлуката за престанок на работен однос на тужителот [redacted] со откажување на договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина и работните обврски со отказен рок бр.02-898/1 од 16.09.2011год. на Главниот Извршен директор на тужениот [redacted] –КАКО НЕЗАКОНИТА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот [redacted] да го врати тужителот на работа и работни задачи соодветно на неговото образование и работна способност, во рок од 8 дена по приемот на решението.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот на тужителот на име процесни трошоци да му исплати сума во износ од 38.800,00ден., во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот [redacted] до овој суд поднесе тужба против тужениот [redacted] за поништување на решение за престанок на работен однос, со вредност на спорот 40.000,00ден., во која се наведува дека тужениот со одлука за престанок на работен однос, на тужителот му го откажал договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина и работните обврски со отказен рок бр.02-898/1 од 16.09.2011год., оваа одлука била незаконита, бидејќи тужениот постапил спротивно на чл.73 од ЗРО, а тужениот не докажал во што се состои грешката во работењето на тужителот ниту пад докажал штета или загуба во работењето.

На одржаната расправа полномошниците на тужителот изјавија дека остануваат кон поднесената тужба и тужбено барање, со сите наводи, докази и предлози.

Во својот завршен збор му предложија на судот да го усвои тужбеното барање , од изведените докази не се докажало дека тужителот постапувал несовесно при сторувањето на повредата, ниту пак дека причинил штета. Тужениот не ја применил одредбата од чл.73 од ЗРО, при што морал писменод а го предупреди работникот.

Докази предложија, трошоци побараа по приложен писмен трошковник.

Во одговор на тужба и тужбено барање полномошникот на тужениот кажа дека останува кон писмениот одговор на тужба, како и жалбените наводи.

Во својот завршен збор му предложи на судот да биде одбиено тужбеното барање во случајот имало повреда на постапката, а за сторените пропусти од страна на работодавачот при водењето на постапката за престанок на работниот однос поради кршење на работниот ред и дисциплина не било основ за поништување на решението за престанок на работниот однос.

Докази предложи, трошоци побара.

Судот на одржаната расправа ги провери наводите во тужбата и одговорот на тужбата, ги изведе предложените докази со читање на фотокопието од лична карта на тужителот, тековната состојба од Централен регистер на тужениот, одлуката за

престанок на работен однос со откажување на договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина и работните обврски со отказен рок бр.02-898/1 од 16.09.2011год., потврдата за прием на пратка, приговорот на тужителот, записникот 03-723/1 од 11.07.2011год., одлуката 02-680 од 01.07.2011год., одлуката бр.02-679/2 од 01.07.2011год., приговорот против решението бр.03-645/1 од 23.06.2011год., решението бр.03-645/2 од 22.06.2011год., пријавата бр.03-645/2 од 22.06.2011год., спецификацијата од 02.02.2011год., од 11.01.2010год., изјавата од тужителот бр.03-643/1 од 21.06.2011год., тековната состојба од Централен регистар за тужениот, записникот за извршена внатрешна контрола бр.03-640/2 од 21.06.2011год., испратницата бр.825 од 21.06.2011год., испратницата бр.827 од 21.06.2011год., изјавата бр.03-645/1 од 22.06.2011год., спецификацијата од 21.06.2011год., решението Ко.бр.421/2011год., записникот за извршено вештачење во ОИД.бр.756/11, изведе доказ со читање на исказот на сведокот [redacted] даден на записник од 18.04.2012год., со читање на списите ОИД.бр.756/11, изведе доказ со читање на исказите на сведоците [redacted] дадени на записник од 04.05.2012год., со сослушување на сведокот [redacted] и изведе доказ со распит на тужителот [redacted] и на тужениот [redacted] во својство на странки, па ценејќи ги овие докази секој посебно и сите заедно во склоп на една целина, ја утврди следната фактичка положба:

Тужителот [redacted] бил вработен кај тужениот [redacted] на работно место шеф на утовар и растовар на мермерни блокови во Погон за експлоатација во рудникот Сивец.

Тужителот согласно неговите работи задачи имал овластување и задолжение да го организира товарењето на мермерните блокови и пропратната документација. Начинот на работа бил таков да секој блок што ќе бил порачан од купецот си имал сопствена бројка и ознака од купецот со иницијали, а тужителот имал задолженија да изврши мерење на блокот по должина и ширина, доколку тоа не било извршено од неговиот претпоставен-сведокот Сашо Конески и на блокот по извршените мерења со спреј го запишувал на блокот, а истото тоа го запишувал и во листовите-спецификациите кои ги чувал во неговата документација, па вака констатираните димензии, тонажи, квалитетот и кубиците-волуменот на блокот го нанесувал и впишувал во спецификациите за секој блок поодделно. Спецификациите се изготвувале откако купувачот ќе определ кој блок ќе го купел, при што на спецификацијата се внесувале податоци за името на купувачот, дата, бројот кој го запишал купувачот на блокот и ознаката за квалитетот на мермерниот блок. Спецификацијата се изготвувала во 4 примероци, за купувачот, магационерот за готови производи, шегот на утовар на мермерни блокови и еден примерок останувал во кочанот.

На ден 21.06.2011год. бил вообичаен ден за утовар на мермерни блокови за определени купувачи и претставникот на купецот, сведокот [redacted] од Р.Грција, бил присутен при утовар на мерењето на блоковите кои што биле товарени на товарното возило, како и при мерењето на товарното возило. Притоа сведокот [redacted] кој бил претставник на купецот на мермерни блокови фирмата [redacted] од градот Драма-Р.Грција, на тужителот му кажал дека треба да ја намали тежината на измерените блокови за по 1 тон на секој блок поодделно, бидејќи за претходно испорачаните блокови имало рекламации и дека за тоа немало да има никаков проблем. Тужителот му рекол на сведокот [redacted] дека треба најпрво да се слушне со сведокот [redacted] како негов претпоставен, за да се увери дали навистина е договорено ваквото работење, но иако се обидел, неуспеал да воспостави контакт со [redacted] бидејќи истиот бил во рудникот на друга локација. Сведокот [redacted] инсистирал да се натоварат блоковите бидејќи немале време. Тужителот не се слушнал со неговиот претпоставен и до крајот на работното време не го информирал, но бидејќи ваквиот начин на работа се практикувал повеќе години, тужителот дозволил да се намали тежината. Сведокот [redacted] го барал сведокот [redacted] да му каже дека тежината на блоковите треба да биде намалена

за по 1 тон, а како истиот ден не успел да воспостави контакт со него, наредниот ден го пронашол и му кажал дека по негово барање, како претставник на купувачите е намалена тежината на блоковите за 1 тон и дека тоа го забележал тужителот во спецификацијата.

За конкретниот настан на тужителот му била доставена спецификација само со број на ознака и на истата тужителот ги навел блоковите во вистинската тежина во заграда, а до нив намалената тежина за по 1 тон. Тоа нешто го констатирало и вештото лице [redacted] во својот наод даден по наредба на судот во списите ОИД.бр.756/11.

Истиот ден од страна на лицето [redacted]-Оперативен директор, сведокот [redacted]-Комерцијален директор и сведокот [redacted]Директор на производство во погон Преработка во рудникот Сивец била извршена внатрешна контрола на блокови за извоз, при што било констатирано дека на два камиона имало разлика во тежината на блоковите и тоа секој камион по 1 тон повеќе од она што било запишано во испратницата бр.825 од 21.06.2011год. и испратницата бр.827 од 21.06.2011год., односно во секоја испратниците била запишана помала тежина за по еден тон од реалната тежина на блоковите. Двата блока фактурирани со помала тежина од по 1 тон за секој блок, биле блокови за извоз за купувачот "Караилиас" од градот Драма-Р.Грција бр.811-541 и бр.811-545, а за извршената контрола бил сочинет записник за извршена внатрешна контрола.

Од страна на сведокот [redacted]-Директор на производство во Погон Експлоатација, била поднесена пријава до Бордот на директори на тужениот, против тужителот [redacted] и лицето [redacted] вработен во Погонот за Експлоатација. Со решение бр.03-645/2 од 22.06.2011год. на Главниот извршен директор на тужениот, тужителот бил отстранет од работа од кај тужениот. Тужителоот незадоволен од ова решение, поднесол приговор, кој со одлука бр.02-679/2 од 01.07.2011год. на Одборот на директори е одбиен како неоснован. Врз основа на поднесената пријава, била донесена одлука бр.02-680 од 01.07.2011год. на Генералниот извршен директор на тужениот, со која се поведува дисциплинска постапка против тужителот и лицето [redacted] и се формирала дисциплинска комисија за спроведување на дисциплинска постапка против овие вработени. На ден 01.07.2011год. била доставена писмена покана до тужителот да присуствува на состанокот на дисциплинската комисија, а на одржаниот состанок на Дисциплинската комисија тужителот изјавил дека немал намера да изврши повреда на работните обврски, ниту дека сторил повреда, тој бил известен од купувачот дека треба да се изврши компензација со намалување на по еден тон од реалната тежина, а со тоа постапил по веќе утврдениот начин на работа на тужениот. Во текот на дисциплинската постапка биле сослушани сведоците [redacted], [redacted], [redacted] и [redacted] кои дале свои изјави, а од страна на лицето [redacted]-Оперативен директор на блокови за извоз била дадена писмена изјава. По завршувањето на дисциплинската постапка, Дисциплинската комисија целокупната документација ја доставил до Главниот извршен директор.

Со одлука за престанок на работен однос на Главниот извршен директор на тужениот, на тужителот му е откажан договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина и работните обврски со отказен рок бр.02-898/1 од 16.09.2011год. Тужителот незадоволен од донесената одлука, до тужениот поднесол приговор, по однос на кој не е донесена одлука.

Од страна на ОЈО Прилеп до Основниот суд во Прилеп е поднесен предлог за превземање на определени истражни дејствија против тужителот и лицето Марјан Костоски поради постоење на сомнение да сториле кривично дела "Злоупотреба на службената положба и овластување" од чл.353 ст.4 с.с. со ст.1 од КЗ, после што со решение Ко.бр.421/11 од 18.01.2012год. ОЈО Прилеп ја отфрлило кривичната пријава против тужителот и лицето [redacted] за наведеното кривично дело.

Во текот на истражната постапка, извршено е вештачење од страна на вештото лице [redacted] која утврдила дека пресметаниот износ за помала внесена тежина

за двата мермерни блока не предизвикало никакви последици во работењето на тужениот, бидејќи за мермерните блокови не била изготвена извозна фактура и мермерните болкови не се продадени, туку се наоѓаат во кругот на тужениот.

Предвид на вака утврдената фактичка положба следуваше судот да одлучи како во диспозитивот на пресудата од следните причини:

Тужителот со тужбата бараше да се поништи одлуката за престанок на работен однос со откажување на договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина и работните обврски со отказен рок бр.02-898/1 од 16.09.2011год. на Главниот Извршен директор на тужениот [redacted] како незаконита, како и да биде задолжен тужениот да го врати тужителот на работа и работни задачи соодветно на неговото образование и работна способност.

Неспорно е дека тужителот бил вработен кај тужениот [redacted] Прилеп на работно место шеф на утовар и растовар на мермерни блокови во Погон за експлоатација во рудникот Сивец.

Судот од исказите на сведоците [redacted] како и од исказот на тужителот даден во [redacted], ги утврди работните задачи кои ги имал тужителот на работното место шеф на утовар и растовар на мермерни блокови, како и начинот на работа на тужениот при купувањето на мермерни блокови. Тужителот согласно неговите работи задачи имал овластување и задолжение да го организира товарењето на мермерните блокови и пропратната документација. Начинот на работа бил таков да секој блок што ќе бил порачан од купецот си имал сопствена бројка и ознака од купецот со иницијали, а тужителот имал задолженија да изврши мерење на блокот по должина и ширина, доколку тоа не било извршено од неговиот претпоставен-сведокот [redacted] и на блокот по извршените мерења со спреј го запишувал на блокот, а истото тоа го запишувал и во листовите-спецификациите кои ги чувал во неговата документација, па вака констатираните димензии, тонажи, квалитетот и кубиците-волуменот на блокот го нанесувал и впишувал во спецификациите за секој блок поодлелно. Спецификациите се изготвувале откако купувачот ќе определ кој блок ќе го купел, при што на спецификацијата се внесувале податоци за името на купувачот, дата, бројот кој го запишал купувачот на блокот и ознаката за квалитетот на мермерниот блок. Спецификацијата се изготвувала во 4 примероци, за купувачот, магационерот за готови производи, шегот на утовар на мермерни блокови и еден примерок останувал во кочанот.

Тужителот не оспори дека на ден 21.06.2011год. бил извршен утовар на блокови и дека при утоварот по испратницата бр.827 и бр.825 истите биле намалени за по еден тон.

Видно од записникот за извршена внатрешна контрола на блокови за извоз составен на ден 21.06.2011год., се утврди дека истиот ден од страна на лицето [redacted]-Оперативен директор, сведокот [redacted]-Комерцијален директор и сведокот [redacted]-Директор на производство во погон Преработка во рудникот Сивец била извршена внатрешна контрола на блокови за извоз, при што било констатирано дека на два камиона имало разлика во тежината на блоковите и тоа секој камион по 1 тон повеќе од она што било запишано во испратницата бр.825 од 21.06.2011год. и испратницата бр.827 од 21.06.2011год., односно во секоја испратниците била запишана помала тежина за по еден тон од реалната тежина на блоковите.

Неспорно е дека кај тужениот е водена дисциплинска постапка против тужителот и лицето [redacted] по поднесената пријава на сведокот [redacted]-Директор на производство во Погон Експлоатација, до Бордот на директори на тужениот, после што со решение бр.03-645/2 од 22.06.2011год. на Главниот извршен директор на тужениот, тужителот бил отстранет од работа од кај тужениот. Врз основа на поднесената пријава, била донесена одлука бр.02-680 од 01.07.2011год. на Генералниот извршен директор на тужениот, со која се поведува дисциплинска постапка против тужителот и лицето [redacted] и се формирала дисциплинска комисија за спроведување на дисциплинска постапка против овие вработени. Имајќи го во предвид записникот составен во проториите на тужениот од 11.07.2011год. од страна на дисциплинската комисија ан тужениот, се утврди дека на ден 01.07.2011год. била доставена писмена покана до

тужителот да присуствува на состанокот на дисциплинската комисија, а на одржаниот состанок на Дисциплинската комисија тужителот изјавил дека немал намера да изврши повреда на работните обврски, нити дека сторил повреда, тој бил известен од купувачот дека треба да се изврши компензација со намалување на по еден тон од реалната тежина, а со тоа постапил по веќе утврдениот начин на работа на тужениот. Од истиот доказ се утврдува дека во текот на дисциплинската постапка биле сослушани сведоците [redacted] кои дале свои изјави, а од страна на лицето [redacted]-Оперативен директор на блокови за извоз била дадена писмена изјава. По завршувањето на дисциплинската постапка, Дисциплинската комисија целокупната документација ја доставил до Главниот извршен директор.

Главиот извршен директор постапил согласно своите овластувања предвидени во чл.61 т.9 од Сатутот на тужениот и чл.86 од ЗРО, кога донесол одлука за престанок на работен однос на тужениот, со која му е откажан договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина и работните обврски со отказен рок бр.02-898/1 од 16.09.2011год. Неспорно е дека тужителот незадоволен од донесената одлука, до тужениот поднесол приговор, по однос на кој не е донесена одлука. При вакви неспорни факти, како спорно во постапката се постави прашањето дали донесената одлука на тужениот е законита или не.

Во чл.62 ст.1 т.5 е предвидено договорот за вработување престанува да важи со отказ.

Видно од одлуката за престанок на работен однос на Главниот Извршен директор се утврдува дека на тужителот му е откажан договорот за вработување, поради повреда на одредбите од чл.81 ст.1 т.2 и т.8 од ЗРО.

Откажувањето на договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина е престанок на работен однос по иницијатива на работодавецот, во кој причините за престанокот се врзани со однесувањето на работникот. Ваквиот престанок на работниот однос е регулиран во одредбите на чл.81 од ЗРО во која што одредба е регулирано во кои случаи може да се откаже договорот за вработување.

Согласно чл.81 ст.1 т.2 од ЗРО работодавачот може да му го откаже договорот за вработување на работникот поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на обврските утврдени со закон, колективен договор, акт на работодавачот и договорот а вработување со отказен рок, особено ако не ги извршува или несовесно и ненавремено ги извршува работните обврски, додека во т.8 е предвидено ако настане штета, грешка во работењето или згуба, а за тоа веднаш не го извести работодавачот.

Неспорно е дека донесената одлука тужениот ја носи поради повреда на работните обврски и работниот ред и дисциплина, при што тужениот согласно чл.73 од ЗРО морал најпрвин да утврди вина на работникот.

Согласно чл.73 од ЗРО пред откажување на договорот за вработување од причина поради вина на работникот, работодавачот мора писмено да го предупреди работникот за неисполнување на обврските и можноста на отказ во случај на натамошни кршења на истите.

Тужениот во случај на откажување на договорот за вработување, не постапил согласно чл.73 од ЗРО на начин што писмено не го предупредил тужителот за сторените повреди и можноста за отказ и изрекување на парична казна, а во случај на натамошни кршења на истите. Кога е во прашање отказ на договорот за вработување воопшто, треба да се имаат во предвид и одредбите од Конвенцијата 158 за престанок на работниот однос по иницијатива на работодавачите на Меѓународната организација на трудот. Меѓу другото, со точка 7 од Препоараката 166 е определено дека на работникот нема да му престане работниот однос поради повреда на работната должност од таков вид за која според националното законодавство или практика се оправдува престанокот на работниот однос само ако се повтори еднаш или повеќе пати, со исклучок ако работодавачот на работникот не му врачи соодветна писмена опомена. Наведената т.7 од Препораката 166 е преточена во чл.73 од ЗРО, насловен како постапка пред отказ поради вина од страна на работникот, според кој пред откажување на договорот за

вработување поради вина на работникот работодавачот мора писмено да го предупреди работникот за неизвршување на обврските и можноста на отказ во случај на натамошно кршење на истите. Ваквото предупредување не може да се доведе во било која врска со предупредувањето од чл.80 од ЗРО, бидејќи истото се однесува на сосема други причини, лични причини на страната на работникот, а не и оние поради причина на вина на страната на работникот. По мислење на судот работодавачот морал да го примени чл.73 при отказ на договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина санкционирано со чл.81 од ЗРО, каде што се санкционирани полесниот начин на повредите на работниот ред и дисциплина, за разлика од чл.82 од ЗРО. Тужениот нема доставено писмено предупредување до тужителот да доколку го повтори кршењето на работниот ред и дисциплина, во конкретниот случај со неизвршувањето, односно несовесното извршување на работните обврски, може да доведе до отказ на договорот за вработување.

Работните задачи на тужителот биле да го огранизира товарењето на мермерните блокови и пропратната документација. Тужителот на ден 21.06.2011год. постапувал согласно своите задолженија, кога сведокот [redacted] кој бил претставник на купецот на мермерни блокови фирмата [redacted], на тужителот му кажал дека треба да ја намали тежината на измерените блокови за по 1 тон на секој блок поединечно, бидејќи за претходно испорачаните блокови имало рекламации и дека за тоа немало да има никаков проблем. Неспорно е дека тужителот за своето работење морал да го извести својот претпоставен, во случајот сведокот [redacted], но тоа не го сторил, иако покушал да го добие.

Видно од исказот на сведокот [redacted], исказот на тужителот даден во својство на странка и исказот на сведокот Димитриос Котинакис судот утврди дека иако тужениот немал донесено одлука, вообичаен начин на работа на тужениот било да се намалува тонажата по барање на купецот. Во конкретниот случај барањето за намалување на тонажата во спецификацијата го евидентирал тужителот, а тоа требало да биде одобрено од неговиот претпоставен. Тужителот со внесувањето на помала тонажа, само го евидентирал барањето на купецот, сведокот [redacted] за намалување на блоковите, а видно од наодот на вештото лице [redacted]. Од истиот доказ се утврди дека на тужителот му била доставена спецификација само со број на ознака и на истата тужителот ги навел блоковите во вистинската тежина во заграда, а до нив намалената тежина за по 1 тон. Со тоа тужителот на еден јасен начин, без преправање и прецртување на бројки ја навел тонажата на блоковите намалена за еден тон, со што само го евидентирал барањето на купецот. Имајќи го во предвид исказот на сведокот [redacted] судот утврди дека тужениот така работел секогаш, а барањето на купецот било одобрувано од сведокот [redacted] истиот или наредниот ден, по што се испорачувале блоковите. Овој сведок беше категоричен дека никогаш не се направило проблем кај тужениот по однос на намалувањето на тонажата, бидејќи тоа било вообичаено кога го барал купецот.

Начинот како постапил тужителот бил вообичаен начин на работа кај тужениот, како што потврди и сведокот [redacted] изјавувајќи: " Начинот на работа беше со години да ја намалуваме тонажата на блоковите заради неквалитет на блоковите, а за тоа тонажата колку да биде намалена одлучувавме со купувачите кои ни велеа ако намалите еден тон или повеќе ќе купам, ако не нема да купам." Тоа го потврди и сведокот [redacted] изјавувајќи : "По барање на одредени купувачи можеше да се случи поради неквалитет на мермерните блокови се одобрувале одредени попусти во намалувањето на тонажата".

Од погоре наведеното се утврди дека сведокот [redacted] како непосреден раководител на тужителот, го одобрувал таквиот начин на работа, намалувањето на тонажата на блоковите. Тужителот врз основа на усмена наредба на својот претпоставен, внесувал, односно го евидентирал намалувањето на тонажата на блоковите по претходно барање на купецот.

Сведокот [redacted] во својот исказ беше категоричен дека намалувањето на тонажата критичниот ден било извршено по негово барање, како

претставник на купувачот, истакнувајќи дека ваквиот начин на работа бил вообичаен кај тужениот. Врз основа на исказот на овој сведок се утврди дека ток како претставник на купецот, како и многу други пати во сите изминати години, на ден 21.06.2011год. побарал намалување на тонажата на двата мермерни блока за по еден тон. Тужителот тоа барање го евидентирал во спецификацијата, а претходно се обидел за тоа да му каже на сведокот [redacted] како негов претпоставен, но бидејќи немало време, утоварот се извршил со тоа што на мермерните блокови со црвен спреј била запишана реалната тежина, зошто мислел дека наредниот ден пред почетокот на работното време ќе се изврши усогласување меѓу претставникот на купецот и сведокот [redacted], како што и било пракса години наназад и за тоа немало никаков проблем.

Иако сведокот [redacted] во повторниот распит изјави дека претходно, пред настанот не било вршено намалување на тежината, судот тоа не го прифати, од причини што сведокот е контрадикторен со претходно дадениот исказ, како и со исказите на останатите сведоци. Сведоците [redacted] и [redacted] пред судот потврдија дека се случувало кај тужениот да дојде до намалување на тонажата, кое нешто говори за пристрасност и контрадикторност на сведокот [redacted] при неговиот повторен исказ.

Од наодот на вештото лице [redacted] се утврди дека тужителот покрај реалната тежина, ја впишал и намалената тежина во спецификацијата, а тоа го извршил без ненакво преправање, преправање или чкртање. Предвид на тоа судот не прифати дека тужителот се однесувал несовесно, бидејќи тужителот не се обидел да го сокрие барањето за намалување на тежината за по еден тон, напротив тоа јасно го означил на својот примерок од спецификацијата.

Видно од списте ОИД.бр.756/11 се утврди дека од страна на ОЈО Прилеп до Основниот суд во Прилеп е поднесен предлог за превземање на определени истражни дејствија против тужителот и лицето [redacted] поради постоење на сомнение да сториле кривично дела “Злоупотреба на службената положба и овластување“ од чл.353 ст.4 с.с. со ст.1 од КЗ, после што со решение Ко.бр.421/11 од 18.01.2012год. ОЈО Прилеп ја отфрлило кривичната пријава против тужителот и лицето [redacted] за наведеното кривично дело. Од наодот на вештото лице [redacted] се утврдува дека пресметаниот износ за помала внесена тежина за двата мермерни блока не предизвикало никакви последици во работењето на тужениот, бидејќи за мермерните блокови не била изготвена извозна фактура и мермерните болкови не се продадени, туку се наоѓаат во кругот на тужениот, предвид на што судот утврди дека на тужениот не му е причинета никаква штета.

За да настане штета согласно чл.81 ст.1 т.8 од ЗРО потребно е да бидат исполнети следните услови: на работодавецот да му е нанесена штета, штетата да ја предизвикал работник кој е во работен однос кај работодавецот, штетата да е сторена во работата или во врска со работата и да постои причинска врска меѓу однесувањето или дејствувањето на работникот и сторената штета. Доколку не е исполнет било кој од наведените услови, не може да стане збор за одговорноста на работникот.

Согласно чл.142 од ЗРО штетата е намалување на нечиј имот(обична штета) и спречувањето на неговото зголемување(испуштена корист), како и нанесување на друга физичка или душевна болка или страв(нематеријална штета).

Имајќи ги во предвид изведените докази, судот утврди дека тужителот не превзел никакво дејствие со намера да му наштети на тужениот, ниту пак да оствари некаква имотна корист за себе, туку постапувал согласно вообичаените начин на работа на тужениот, евидентирајќи го барањето на купецот за намалувањ на тонажата. Со помалку внесената тежина за двата мермерни блока не биле предизвикани никакви последици во работењето на тужениот, а за мермерните блокови не била изготвена извозна фактура при што мермерните болкови не биле продадени, туку се наоѓаат во кругот на тужениот.

Предвид на тоа судот утврди дека тужителот со ништо не придонесол за да го прекрши работниот ред и досциплина, а во целост и одговорно ги извршувал работните задачи, поради што го усвои тужбеното барање на тужителот, задолжувајќи го тужениот согласно чл.102 ст.1 од ЗРО да го врати тужителот на работно место и работни задачи

соодветно на неговото образование и работна способност.

Одлуката за трошоците судот ја донесе согласно чл.148 од ЗПП, задолжувајќи го притоа тужениот да му ги надомести трошоците на тужителот во износ од 38.800,00 ден. кои што се однесуваат за состав на полномошно и трошковник по 1.300,00 ден., за состав на тужба 3.900,00 ден., за четори одржани расправи по 4.680,00 ден. и за една одложена 3.900,00 ден., за судски преведувач 2.000,00ден. и за судски такси 2.400,00ден., за состава на одговор на жалба 3.900,00ден. и за судски такси за одговор на жалба 1.200,00ден., согласно вредноста на спорот и Тарифата за награда и надоместок на работата на адвокатите.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

Претседател на совет-С у д и ј а

ПРАВНА ПОУКА: Рок за жалба 8 дена по приемот на пресудата, преку овај судо Апелациониот суд во Битола.

ДМ/

Точноста на преписот ја потврдува

Судски службеник

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП 20

РО-167/12

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!

ОСНОВНИОТ СУД ВО ПРИЛЕП како првостепен граѓански суд, во совет од судијата [redacted] како претседател на совет и судиите поротници [redacted] [redacted] како членови на советот, постапувајки по тужбата на тужителот [redacted] од Прилеп поднесена против тужениот [redacted] Прилеп, за поништување на решение, со вредност 40.000,00 денари, на одржаната усна, јавна и главна расправа на ден 25.03.2013год. во присуство на тужителот со неговиот полномошник адвокат [redacted] и законскиот застапник на тужениот [redacted] [redacted] со полномошникот адвокат [redacted] ја донесе и објави следната:

ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА
_____________ суд во ____________
Ден 09. 07 2013 година
Судски службеник

П Р Е С У Д А

СЕ УСВОЈУВА тужбеното барање на тужителот [redacted] од Прилеп
СЕ ПОНИШТУВА решението бр.04-472/1 од 07.06.2012год. на директорот на тужениот [redacted] Прилеп со кое на тужителот [redacted] од Прилеп му е изречена парична казна во висина од 15% од последната исплатена плата на работникот во траење од 3 месеци-КАКО НЕЗАКОНИТО.
ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА барањето на тужителот за надомест на процесните трошоци, па СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот на тужителот да му исплати сума во износ од 20.000,00ден., во рок од 8 дена по приемот на пресудата.
Поголемото барање на тужителот поднесено против тужениот за исплата на сума во износ од 23.000,00ден. на име трошоци, а над досудените-СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на тужителот [redacted] од Прилеп поднесена е тужба против тужениот [redacted], за поништување на решение, со вредност 40.000,00 денари, во која се наведува дека тужителот е вработен кај тужениот на раб. место шеф на градежна група, на ден 26.05.2012год. од страна на Директорот на тужениот на тужителот му е изречена парична казна во висина од 15% од месечната плата во траење од 3 месеци, поради кршење на работниот ред и дисциплина согласно чл.81 ст.1 т.4 и чл.42 ст.1 т.4 од КД на тужениот, па како донесената одлука била незаконита, до овој суд е поднесена тужба за нејзино поништување.

На одржаната усна, јавна и главна расправа, полномошникот на тужителот кажа дека останува во целост кон тужбата и тужбеното барање со сите наводи, предлози и докази како во тужбата.

Во својот завршен збор му предложи на судот да се усвои тужбеното барање, од изведените докази се докажало дека тужителот работел на работното место кога почнало да врне дожд, било невреме, при што била користена пауза од 11,00 до 11,30ч. Од друга страна има формални повреди во постапката и тоа не бил запазен чл.73 од ЗРО.

Докази предложи. Трошоци побара по приложен писмен трошковник.

Во одговор на тужба и тужбено барање, полномошникот на тужениот кажа дека останува кон писмениот одговор на тужба, тужителот го прекршил работниот ред и дисциплина на начин што предвреме го напуштил работното место без да го зивести претпоставениот.

Во својот зврщен збор му предложи на судот тужбеното барање да го одбие како неосновано, бидејќи од изведените докази се утврдило дека тужителот го прекршил работниот ред и досциплина на начин што не се придржувал на работното време, напуштајќи го работното место во 11,15ч..

Докази предложи. Трошоци побара по приложен писмен трошковник.

На одржаната усна, јавна и главна расправа, судот ги провери наводите во тужбата и одговорот на тужбата, ги изведе предложените докази со читање на предупредувањето бр.04-472/2 од 07.06.2012год., решението бр.04-472/2 од 07.06.2012год., пријавата бр.03-402 од 29.05.2012год., барањетоз а спроведување на претходна постапка за утврдуавње на повреда на работната дисциплина и неизвршување на работните задачи бр.05-410 од 29.05.2012год., записникот за дадена изјава бр.02 од 31.05.2012год., изведе доказ со сослушување на сведоците [redacted] и изведе доказ со распит на тужителот [redacted] и на законскиот застапник на тужениот [redacted] во својство на странки, па ценејќи ги вака изведените докази секој посебно и сите заедно во склоп на една заедничка целина, ја утврди следната фактичка положба:

Тужителот [redacted] од Прилеп е вработен кај тужениот [redacted] Прилеп на работно место шеф на градежна група.

На ден 26.05.2012год. во сабота тужителот бил на работа на паркот на [redacted]. Работното време во сабота започнувало од 07,00ч. до 12,00ч. со пауза од половина час и тоа од 11,00-11,30ч. Работата се одвивала нормално се додека не започналод а врне силен дожд. Бидејќи дождот не престанувал да врне, тој како шеф на групата им предложил на работниците да не ја користат паузата за да го доработат цементото кое почнало да се оштетува од дождот, а половина час порано да си одат. За тоа што порано заминале од работното место, тужителот не го известил претпоставениот раководител

Од страна на заменикот технички директор на тужениот била поднесена пријава до директорот на тужениот, по која директорот на тужениот донесол барање за спроведување на претходна постапка за утврдување на повредите од работната дисциплина бр.05-410 од 29.05.2012год. со овластување на посебна комисија да спроведе претходна постапка за утврдување на повредата. Комисијата во претходна постапка на записник бр.02 на ден 31.05.2012год. го сослушала тужителот. Од страна на директорот на тужениот доставено е писмено предупредување до тужителот бр.04-472/2 од 07.06.2012год. со рок од 60 дена да го подобри работењето и однесувањето. Истиот ден кога е донесено писменото предупредување, директорот на тужениот донесол решение бр.04-472/1 од 07.06.2012год. со кое на тужителот му е изречена парична казна во висина од 15% од месечната плата во траење од 3 месеци, согласно чл.81 ст.1 т.4 од ЗРО и чл.42 ст.1 т.4 од КД на тужениот, поради тоа што тужителот не се придржувал на работното време, распоредот и користењето на работното време на ден 26.05.2012год.

Незадоволен од донесеното решение, тужителот во благовремен рок поднесол приговор, по однос на кој тужениот нема донесено одлука.

Предвид на вака утврдената фактичка положба, судот одлучи како во изреката на пресудата, а од следните причини:

Неспорно е дека тужителот е вработен кај тужениот на работно место шеф на градежна група.

Исто така не е спорно дека со решение бр. 04-472/1 од 07.06.2012год. на директорот на тужениот, на тужителот му е изречена парична казна во висина од 15% од месечната плата во траење од 3 месеци, согласно чл.81 ст.1 т.4 од ЗРО и чл.42 ст.1 т.4 од КД на тужениот, поради тоа што тужителот не се придржувал на работното време, распоредот и користењето на работното време на ден 26.05.2012год. Неспорно е дека тужителот во благовремен рок поднесол приговор, по однос на кој тужениот нема донесено одлука.

При вакви неспорни факти како спорно се поставува прашањето дали донесената одлука е донесена согласно законот или пак истата е незаконита, па како таква истата

треба да биде поништена.

Видно од самото решение се утврдува дека истото е донесено согласно чл. 81ст.1 т.4 и чл.84, 85 и 86 од ЗРО, чл.42 ст.1 т.4 од КД на тужениот.

Согласно чл.81 ст.1 од ЗРО работодавачот може да му го откаже договорот за вработување на работникот поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на обврските утврдени со закон, КД и акт на работодавачот и договорот за вработување со отказен рок, особено ако т.4 не се придржува на работното време, распоредот и користењето на работното време.

Членот 42 ст.1 т.4 од Колективниот договор на тужениот е иднетичен со чл.81 ст.1 т.4 од ЗРО.

Согласно чл.84 од ЗРО, е предвидено дека во зависност од степенот на одговорноста на работникот, условите под кои е направена повредата на работните обврски и работниот ред и дисциплина, поранешната работа и однесување на работникот, тежината на повредата и нејзините последици, работодавачот може на работникот да му изрече парична казна која не може да биде поголема од 15%, од последната исплатена месечна плата на работникот, во траење од еден до шест месеци.

Неспорно е дека донесеното решение тужениот го носи поради повреда на работните обврски и работниот ред и дисциплина, при што тужениот согласно чл.73 од ЗРО морал најпрвин да утврди вина на работникот.

Во чл.72 од ЗРО е предвидено ако работодавачот го откажува договорот за вработување, е должен да го наведе основот за отказот, утврден со закон, колективен договор и акт на работодавачот и да ја докаже основаноста на причината која го оправдува отказот.

Видно од исказите на сведоците [redacted] судот утврди дека тужителот го прекршил работниот ред и дисциплина на начин што не се придржувал на работното време, на ден 26.05.2012год. порано го напуштил работното место, ослободувајќи ги и останатите работници од работаната група, а за тоа не го известил претпоставениот раководител. Од исказите на погоре наведените сведоци, како и исказот на тужителот даден во својство на странка се утврди дека на ден 26.05.2012год. во сабота работното време започнувало од 07,00ч. до 12,00ч. со пауза од половина час и тоа од 11,00-11,30ч. Работата се одвивала нормално се додека не започналод а врне силен дожд. Од истите докази се утврди дека критичниот ден дождот не престанувал да врне, поради што тужителот како шеф на групата им предложил на работниците да не ја користат паузата за да го доработат цементото кое почнало да се оштетува од дождот, а половина час порано да си одат. Тужителот не оспори дека за тоа што порано заминале од работното место, не го известил претпоставениот раководител.

Од изведените писмени докази, судот ја утврди постапката која ја спровел тужениот, пред донесувањето на решението за парична казна. Видно од пријавата до директорот на тужениот се утврди дека  од страна на замениокот технички директор на тужениот била поднесена пријава до директорот на тужениот, по која директорот на тужениот донесол барање за спроведување на претходна постапка за утврдување на повредите од работната дисциплина бр.05-410 од 29.05.2012год. со овластување на посебна комисија да спроведе претходна постапка за утврдување на повредата. Комисијата во претходна постапка на записник бр.02 на ден 31.05.2012год. го сослушала тужителот. По вака спроведената претходна постапка, директорот на тужениот донесол решение со кое на тужителот му е изречена парична казна во висина од 15% од месечната плата во траење од 3 месеци, согласно чл.81 ст.1 т.4 од ЗРО и чл.42 ст.1 т.4 од КД на тужениот, поради тоа што тужителот не се придржувал на работното време, распоредот и користењето на работното време на ден 26.05.2012год.

Иако судот утврди дека тужителот го прекршил работниот ред и дисциплина на начин што не се придржувал на работното време, утврди и формални повреди на

постапката, на начин што тужениот доставувајќи писмено предупредување до тужителот истиот ден кога го донесол оспореното решение, не постапил согласно чл.80 од ЗРО.

Согласно чл.73 од ЗРО пред откажување на договорот за вработување од причина поради вина на работникот, работодавачот мора писмено да го предупреди работникот за неисполнување на обврските и можноста на отказ во случај на натамошни кршења на истите.

Во чл.80 од ЗРО е предвидено дека работодавачот може да му го откаже договорот за вработување на работникот од лични причини на страна на работникот, ако на работникот му се обезбедени потребните услови за работа и му се дадени соодветни упатства, насоки или писмено предупредување од работодавачот во врска со работата дека работодавачот не е задоволен од начинот на извршување на работните обврски и ако по даденото предупредување во рокот утврден од работодавачот, работникот не го подобри своето однесување.

Тужениот во случај на откажување на договорот за вработување, постапил согласно чл.73 од ЗРО на начин што писмено го предупредил тужителот за сторените повреди и можноста за отказ и изрекување на парична казна, а во случај на натамошни кршења на истите, притоа оставајќи му рок од 60 дена да го подобри своето однесување и работење. Наспроти вака даденото предупредување, тужениот истиот ден го носи решението со кое на тужителот му е изречена парична казна во висина од 15% од месечната плата во траење од 3 месеци. Кога е во прашање отказ на договорот за вработување воопшто треба да се имаат во предвид и одредбите од Конвенцијата 158 за престанок на работниот однос по иницијатива на работодавачите на Меѓународната организација на трудот. Меѓу другото, со точка 7 од Препоараката 166 е определено дека на работникот нема да му престане работниот однос поради повреда на работната должност од таков вид за која според националното законодавство или практика се оправдува престанокот на работниот однос само ако се повтори еднаш или повеќе пати, со исклучок ако работодавачот на работникот не му врачи соодветна писмена опомена. Наведената т.7 од Препораката 166 е преточена во чл.73 од ЗРО, насловен како постапка пред отказ поради вина од страна на работникот, според кој пред откажување на договорот за вработување поради вина на работникот работодавачот мора писмено да го предупреди работникот за неизвршување на обврските и можноста на отказ во случај на натамошно кршење на истите. По мислење на судот работодавачот иако го применил чл.73 од ЗРО, истиот ден го носи решението со кое го санкционира однесувањето на тужителот, со што не го почитува рокот кој го дава самиот тужен од 60 дена, како рок во кој му е дадена можност ан тужителот да го подобри своето однесување, но вднаш истиот ден, кога го донесува писменото предупредување, го казнува тужителот.

Во случајот тужителот до колку после истекот од рокот од 60 дена го повтори кршењето на работниот ред и дисциплина, во конкретниот случај со не придржувањето на работното време, тужениот можел да изрече отказ на договорот за вработување или замена со парична казна.

Имајќи го во предвид погоре наведеното судот утврди незаконитост на донесеното решение со кое на тужителот му е изречена парична казна, поради што следуваше истото како такво да биде поништено.

Одлуката за трошоците судот ја донесе согласно со одредбите од чл.148 од ЗПП, притоа задолжувајќи го тужениот на тужителот да му исплати сума во износ од 20.000,00ден. а кои се однесуваат за состав на тужба 3.000,00ден., за состав на полномошно и трошковник по 1.300,00ден., за судски такси 2.400,00ден. и за застапување за 4 одржани расправи по 3.000,00ден. колку што се побарува 12.000,00ден., согласно вредноста на спорот и Тарифата за награда и надоместок на работата на адвокатите.

Поголемото барање на тужителот поднесено против тужениот за исплата на сума во износ од 23.000,00ден. на име трошоци, а над досудените судот го одби како неосновано од причини што се бара надомест состав на приговор во дисциплинска

РО-167/12

постапка, но како истиот е поднесен надвор од парничната постапка, судот не досуди трошоци по однос на истиот. Освен тоа во списите на ппредметот не е приложен како доказ приговорот по однос на кој судот не можеше да утврди дали е изготвен од страна на полномошникот на тужителот.

ОСНОВЕН СУД ВО ПРИЛЕП.

Претседател на совет - С у д и ј а,

ПРАВНА ПОУКА: Рок за жалба 8 денапо приемот на пресудата преку овој суд до Апелациониот суд Битола.

ДМ/

Д-но:
- адвокат Кирил Мирчески
- адвокат Пенка Игнатоска

Точноста на преписот ја потврдува

Судски службеник

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП 20